Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 22, 15 јуни 2009 година

јуни 2009 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник асистент од областа методика и педагогија на Педагошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип .......... 3

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА МЕТОДИКА И ПЕДАГОГИЈА НА ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Врз основа на член 63 и 64 од Законот за високото образование на Република Македонија и член 123 од Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип („Сл. весник на РМ“ бр. 35/2008), а согласно со член 9, став 23 до 28 од Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“, „Универзитетски гласник“ број 2, од 1 ноември 2007 г. беше распишан Конкурс за избор на еден соработник асистент за наставно-научната област **методика и педагогија**, по предметите: Методика на наставата по македонски јазик, Педагошка практика, Методика на воспитната работа на Одделот за одделенска настава и Историја на педагошките идеи на Одделот за одделенска настава и Одделот за предучилишно воспитување (изборен), објавен во дневните весници „Дневник” и „Лајм“ на 2.5.2009 год.

Со Одлука бр. 2102–49/3, донесена на седницата на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет, одржана на 22.5.2009 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден соработник асистент од областа *методика и педагогија* на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“, во состав: проф. д-р Јордан Стојаноски, ред. професор на Педагошки факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола (претседател), доц. д-р Соња Петровска, доцент на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (член) и проф. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева, вон. професор на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (член).

Комисијата утврди дека на распишаниот Конкурс за избор на соработник - асистент во предвидениот рок се пријавија кандидатите: м-р Ирена Китанова, м-р Јулијана Гошева, м-р Симона Палчевска, м-р Ѓорѓина Ќимова и м-р Билјана Максимовска.

Врз основа на приложената документација и анализата на истата, Комисијата констатираше дека кандидатката м-р Јулијана Гошева не ги исполнува условите за избор во звање асистент од областа методика и педагогија, бидејќи не го исполнува првиот услов - магистер од областа на методика и педагогијата, согласно со Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 35/2008, 103/2008 и 26/2009), член 32, став 1 од Критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“. Истата го има научниот степен магистер на социјална политика. Кандидатките м-р Симона Палчевска, м-р Ѓорѓина Ќимова и м-р Билјана Максимовска, освен својата кратка биографија и список на објавени и необјавени трудови, немаат доставено примерок од истите и затоа не можат да бидат предмет на наша обработка.

Рецензентската комисијата констатира дека единствен кандидат кој ги исполнува предвидените услови, согласно со Законот за високото образование, член 132, став 1 до 5, и има приложено целосна документација за избор е м-р Ирена Китанова, помлад асистент на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“.

Рецензентската комисијата има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет во Штип да му го поднесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката м-р Ирена Китанова е родена на 29 септември 1981 г. во Штип. Основно и средно образование завршува во родното место. Во 2004 година дипломира на Педагошкиот факултет - Штип, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, на Отсекот за одделенска настава, како најдобар студент на генерацијата, со просек 9,71.

За време на додипломските студии покажува интерес кон практиката и како резултат на тоа е вклучена во проектот „Со читање и пишување до критичко мислење“. Во 2002 година преку проектот „Партнерство и демократија во образованието“, чиј носител е Педагошкиот факултет од Битола, а Педагошкиот факултет од Штип е партнер, реализира тримесечен студиски престој (од 13 август до 8 ноември 2002 год.) во Малме, Шведска. Во рамките на престојот се стекнува со сертификат за обучен наставник во мултикултурното образование и сертификат за завршен почетен курс по шведски јазик.

Во учебната 2002/2003 година се стекнува со диплома за најдобар студент на генерацијата, што ја доделува Сојузот на студенти на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. Во 2004 година, од страна на Педагошкиот факултет - Штип, ѝ се доделува признание за најдобар дипломиран студент на генерацијата.

Во 2004 година се вработува на Педагошкиот факултет во Штип, како помлад асистент по предметите: Методика на наставата по македонски јазик, Педагошка практика на Одделот за одделенска настава и Историја на педагошките идеи (изборен) на одделите за одделенска настава и прдучилишно воспитување.

Во 2006 година се запишува на постдипломски студии на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола на отсекот Педагогија во областа на методиките и истите ги завршува со просек 9,4.

Во 2007 година повторно е избрана во помлад асистент по предметите: Методика на наставата по македонски јазик, Педагошка практика, Семејна педагогија (изборен) на Одделот за одделенска настава и Историја на педагошките идеи (изборен) на одделите за одделенска настава и предучилишно воспитување.

На 5 февруари 2009 год. го одбранува магистерскиот труд со наслов *„Комплексна постапка во наставата по почетно читање и пишување и нејзино унапредување“* и се здобива со научен степен *магистер по педагогија* во областа на методиките.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Во 2004 година е избрана за **помлад асистент** на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип, по предметите: Методика на наставата по македонски јазик, Педагошка практика на Одделот за одделенска настава и Историја на педагошките идеи (изборен) на одделите за одделенска и предучилишно воспитување.

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет на 25.10.2007 год. е реизбрана во помлад асистент по предметите: Методика на наставата по македонски јазик, Педагошка практика на Одделот за одделенска настава, Семејна педагогија на Одделот за одделенска настава (изборен предмет), Историја на педагошките идеи (изборен) на Одделот за одделенска настава и Одделот за предучилишно воспитување.

Врз основа на приложената документација, може да се заклучи дека кандидатката е активно вклучена во наставно-научниот процес на Педагошкиот факултет веќе 5 години. Ги одржува вежбите за предметите за кои е избрана и работи на терен со студентите изведувајќи ја педагошката практика во основните училишта.

Во периодот помеѓу двата избора за помлад асистент кандидатката ги објавува следниве стручни и научни трудови:

1. **Ирена Китанова** (2002): „Извештај од студискиот престој во Малме, Шведска“, *Воспитание* бр. 3, Педагошки факултет, Штип.
2. **Ирена Китанова** (2003/04): „Мултикултурната димензија на националниот наставен план“, *Воспитание* бр. 4/5, Педагошки факултет, Штип.
3. Блаже Китанов, **Ирена Китанова** (2004): „Портфолио-модел за училиште без слаби ученици“, *Škola bez neuspešnih učenika –mit ili stvarnost*, Pedagoški fakultet, Pula.
4. Ленче Милошева, **Ирена Китанова** (2005): „Улогата на наставникот во образовниот менаџмент“, Интернационална конференција, Софија, Бугарија.
5. **Ирена Китанова** (2005/06): „Басната во одделенската настава“, *Воспитание* бр. 6-7, Педагошки факултет, Штип.
6. **Ирена Китанова** (2007): „Мотивација за постигнување на училиштен успех“, Научна конференција, 7-11 мај, Благоевград, Бугарија.
7. **Ирена Китанова** (2007): “Tehnology-the key to modern school”, *Mediumska pismenost – Pozitivni i negativni efekti*, Tehnologija informatika obrazovanje 4, Novi Sad - Beograd.http://www.cnti.info/mainportal/index.php?option=com_content&view=article&id=82&Itemid=119&limitstart=4
8. Блаже Китанов**, Ирена Китанова** (2007): „Образовниот систем во Република Македонија“, Меѓународна научно-практична конференција „Традиции и иновации во дошколското образование“, 7-9 ноември, Москва, Русија.
9. **Ирена Китанова** (2008): “Contemporary intentions in education”, IV International Scientific Conference, „Работа во тандем (парови) на учениците како современа форма на настава“, 13-15 јуни, Охрид.
10. **Ирена Китанова** (2009): “Комплексната постапка за обработка на буква во почетното читање и пишување“, Воспитни Крстопати, година 14, број 31, Скопје.
11. **Ирена Китанова** (2009): “The problem of story interpretation and its influence of child in early childhood” - Меѓународна научно-практична конференција „Словенската култура“, 12-14 мај, Москва, Русија.
12. Prof. Emilija P.Gjorgjeva, **Irena Kitanova** (2009): “Moral education need or challenge”, 3rd Special Focus Symposium on Pedagogy Curricula of Farlu education and compulsory education, November 12th to 13 th 2009, Zadar, Croatia (во тек).
13. **Kitanova Irena** (1-4 Julu 2009) *The Problem of Story Interpretation and Its Influence on Children* (Virtual Presentation), The sixteenth international conference on learning University of Barcelona, Spain (http://thelearner.com/conference-2009/sessions/)

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатката м-р Ирена Китанова активно работи во полето на стручно-апликативната дејност, преку презентирање на трудови на стручни собири, изработка на елаборати, истражувачки проекти и др.

1. Од учествата на конференции и симпозиуми би ги издвоиле следниве:(2004) “Skola bez nauspesnih ucenika - mit ili stvarnost”, Pedagoski fakultet, Pula.
2. (2005) “International conference- Educational management”, Sofija, Bugarija.
3. (2007) Международна научна конференция „Европа като културно пространство“, Благоевград, България.
4. (2007) “Tehnology-the key to modern school”, Mediumska pismenost - Pozitivni i negativni efekti, Tehnologija informatika u obrazovanja 4, Novi Sad-Beograd.
5. (2007) „Традиции и иновации во дошколското образование“, Москва, Русија.
6. (2008) “IV International Scientific Conference”, Ohrid, Macedonia.
7. (2009) „X меѓународна научно-практична конференција“, Москва, Русија.

***Работа на проекти***

1. 2002-2004 год., *„Со читање и пишување до критичко мислење“***,** USAID, FOSIM (учесник).
2. 2002-2004 год., *„Партнерство и демократија во образованието“*, чиј носител е Педагошки факултет - Битола, а Педагошки факултет - Штип е партнер, реализиран тримесечен студиски престој (од 13 август до 8 ноември 2002 год.) во Малме, Шведска. Во рамките на престојот се стекнува со сертификат за обучен наставник во Мултикултурното образование и сертификат за завршен почетен курс по шведски јазик.
3. 2005-2008 год., *“Creative teaching/learning”*, USAID, FOSIM (учесник).
4. 2005-2006 год., *„Употреба на информатичката технологија во училницата“*. Работилница: 1. *“IT in In-service Teacher Traning”*, Тетово, во периодот 22-31 август 2005 година.
5. *“Child-centered methodology curriculum development”*, Лондон, во периодот 20-26 ноември 2005 година.
6. *“Tehnology teachers and young learnenrs workshop”*, Охрид, во период 16-25 јануари 2006 година.
7. 2008-2010, JEP Tempus project *„Интегрирање на Е-учењето во курикулумот на наставниците“*. Работилница: 1**.** *„Интегрирање на Е-учењето во курикулумот на наставниците“*, Гронинген, Холандија, во периодот од 21 до 31 јануари 2008 г.
8. 2008 - *“Local employment, education and training initiatives”* - “Joint Days of Lifelong Learning” (Neighborhood Programme Bulgaria – Republic of Macedonia), *Ministry of Regional Development and Public Works, Bulgaria & Europen Agency for Reconstructiuon, Skopje, Macedonia* (учесник).
9. 2009 - *“Learning and teaching with Tehnology”*- 20 January-30 January, Stip, William Warrick.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека м-р Ирена Китанова веќе работи како помлад асистент и има постигнато забележителни резултати за време на своето работење на Педагошкиот факултет. Во своите трудови покажува интерес за актуелни проблеми од областа на методиката и педагогијата, што води кон заклучок дека ќе се развие во солиден педагошки работник. Кандидатката м-р Ирена Китанова е помлад асистент со високо ниво на професионалност и одговорност во работата.

Рецензентската комисија констатира дека кандидатката ќе одговори на барањето да ги извршува работните задачи како соработник асистент од областа на методиката и педагогијата.

Квантитативната и квалитативната анализа на постигнувањата на кандидатката (НО+НА+ СОАР) значително го надминува пропишаниот минимум на поени, што ни дава право и ни претставува чест и задоволство како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет кандидатката **м-р Ирена Китанова да биде избрана во соработничко звање асистент** во научната област **методика и педагогија** по предметите**: Методика на наставата по македонски јазик, Педагошка практика, Методика на воспитна работа** на Одделот за одделенска настава и **Историја на педагошките идеи (изборен)** на Одделот за одделенска настава и Одделот за предучилишно воспитување.

**Т а б е л а**
**за вреднување на активностите на м-р Ирена Китанова, во реизборниот период 2004-2009 година, според Критериумите дадени во Правилникот за избор на наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | |
| Нучнопопуларна статија во стручно-методско списание | 4 | 0,5 | 2 |
| Вежби – за изборен период од 2 години | 20 | 0,2 | 4 |
| Раководител на студент при учество на студентска манифестација | 3 | 1 | 3 |
| | | | **9** |
| **Неделен просечен фонд на часови во двата семестра: 1+2+1+5+1 x 2 x 0.2=4.00 поени** | | | |
| **Научноистражувачка активност (НИ)** | | | |
| Секциско предавање на научен собир | 7 | 4 | 28 |
| Одржано предавање по покана од научна институција | 1 | 3 | 3 |
| Учесник во научен проект | 5 | 2 | 10 |
| Учесник во научен проект | 4 | 3 | 12 |
| Студиски престој во странство | 1 | 8 | 8 |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| | | | **65** |
| | | | |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност (САОР)** | | | |
| Труд во стручно (научно-популарно) списание | 4 | 2 | 8 |
| Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир во земјава | 5 | 2 | 10 |
| Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир во странство | 7 | 3 | 21 |
| Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | 10 | 1 | 10 |
| Член на факултетски орган, комисија | 1 | 2 | 2 |
| | | | **51** |
| | | | |
| **ВКУПНО ПОЕНИ (НО+НИ+САОР)** | | | **125** |

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Јордан Стојаноски - претседател, с.р.**

**Доц. д-р Соња Петровска - член, с.р.**

**Проф. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева - член, с.р.**